**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 04.07.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Емилија Јаневска, Луција Ѓурковиќ, Катерина Доневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Билјана Николовска од ТВ Телма, Мефаил Исмаили од ТВ Алсат, Деспина Тодоровска од ТВ Сител и Јован Ѓорговски од ТВ Канал 5.

Г-дин Петрушевски ја отвори 26 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-ѓа Алма Машовиќ е на годишен одмор во странство и нема да биде присутна на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.06.2019 година.
2. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 34 од ЗААВМУ кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачина, Арачиново поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани поради прекршување на член 49 од ЗААВМУ.
5. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права.
6. Разно.
7.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.06.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 34 од ЗААВМУ кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека според регистарот на радиодифузери што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и согласно податоците издадени од Централниот регистар крајни сопственици на 1ТВ се физичките лица Миле Јовановски со 95% и Јасна Ерцеговиќ со 5% сопственост. Изминатиот период беа сведоци дека лицето Бојан Јовановски во повеќе наврати на 1ТВ, но, и од информации пренесени на други медиуми јавно изјавува дека е сопственик на телевизијата 1ТВ, што е спротивно на податоците со кои располага Агенцијата и спротивно на член 34 од ЗААВМУ каде што не е дозволено тајно содружништво односно таен, скриен сопственик. Последен пат на програмата на 1ТВ, минатиот петок истото лице наведува дека е сопственик неговиот татко Миле Јовановски со 95%, меѓутоа изјавил дека и тој е сопственик, но не може да се пријави како таков бидејќи поради некаква судска постапка неговата трансакциска сметка е блокирана. Ова на најдиректен начин укажува дека е извршено прекршување на член 34 од ЗААВМУ односно вистински сопственик на наведената телевизија не се лицата кои се наведени во Централниот регистар туку лицето Бојан Јовановски кој што јавно признава на овој медиум дека е сопственик на телевизијата. Тоа го потврдува и новинарката која што го води интервјуто и поставувајќи му прашања му се обраќа со зборовите „вие како сопственик на телевизијата". Од таа причина се предлага Советот да го донесе соодветниот заклучок согласно дадените документи во материјалите и да се започне постапка за утврдување на прекршување на член 34 од ЗААВМУ за телевизијата 1ТВ.

Г-дин Петрушевски потсети дека овој настан се повторува двапати и отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски објасни дека го изгледал интервјуто, не додека било емитувано во живо на програмата, туку одложено на снимка со што не се губи суштината. Објасни дека не е спорно дека лицето Бојан Јовановски во неколку наврати во текот на интервјуто експлицитно се промовирал и искажал дека тој е сопственик на медиумот на кое што се емитуваше интервјуто. Во материјалите по точката се издвоени пасуси каде што тоа го кажува експлицитно. Има и неколку други примери каде што за себе во прво лице еднина или во прво лице множина кажува за идните проекти за самиот медиум, што мислат да направат околу програмските содржини, како мислат понатаму да се развиваат, што според него е сосема доволен основ дека Агенцијата треба да поведе постапка за да се утврди сопствеништвото на медиумот. Како што кажал и г-дин Трајчевски, според податоците кои што се на располагање и се извадени од Централниот регистар, сопственик на 1ТВ е Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје со 100% сопственост, а сопственици на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје се физичките лица Миле Јованоски, со удел од 95% во сопственоста кој е татко на Бојан Јовановски и Јасна Ерцеговиќ, со удел од 5%

во сопственоста. Од тие причини рече дека ќе даде поддршка за ваквиот предлог. Во текот на дискусијата рече дека има една сугестија и предложи во диспозитивот на предлог-одлуката да се отстрани името на новинарката што го водеше интервјуто затоа што таргетот во овој случај е Бојан Јовановски кој самиот има доволно кажано експлицитни зборови за да може да се поведе оваа постапка. Не смета дека треба да стои нејзиното име, но не е спорно да стои подолу во образложението на одлуката.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе започне од крајот на неговата дискусија. Се согласува со неговиот предлог, односно во предлог-одлуката што треба Советот да ја донесе да остане само зборот „водителката“ додека нејзиното име да се исклучи бидејќи сепак не е во ред да стои. Исто така се согласи во образложението на одлуката да остане нејзиното име, но да се заштити во другиот дел. Во однос на можното прекршување и постапката, очигледно е рече дека се зафатени членовите 34, 40 и 43 од ЗААВМУ. Членот 34 забранува радиодифузерот да има таен содружник, членот 40 утврдува дека Агенцијата е должна да провери дали е повреден членот 34 службено по било какви информации. Агенцијата тие информации ги има директно, не пренесено, туку директно од интервју на лицето Бојан Јовановски и член 43 каде се вели „доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за прекршување на член 34 ова треба да го испита службено без одлагање“. Од таа причина го поддржува предлогот и смета дека треба да му се даде шанса на радиодифузерот писмено да се изјасни во однос на ова можно прекршување на Законот. Наведе дека ќе го поддржи овој предлогот со корекцијата што ја предложил г-дин Фиданоски.

Г-дин Трајчевски процедурално рече дека во делот на дискусијата се кажа дека ова се случува вторпат. Појасни дека не е вторпат, вторпат се дискутира на седница но можеби е 25-ти пат во медиумите каде што лицето Бојан Јовановски се преставува како сопственик. Во однос на предлогот на г-дин Фиданоски, рече дека не се согласува името на водителката Јадранка Костова да биде тргнато бидејќи таа сигурно е и уредник во телевизијата и најверојатно знае кој е сопственик на медиумот, бидејќи не верува дека работи во медиум каде што не знае кој е сопственик. Од тој аспект е можеби многу значајно и изјава да даде и г-ѓа Јадранка Костова за тоа дали знае кој е сопственик или не знае кој е сопственик на 1ТВ и при тоа нема од што да се штити. Таа во емисијата многу пати повтори „сопственикот...“ и претходниот пат кога имаше интервју, повторно за Бојан Јовановски кажуваше – „сопственикот“. Логично е вработените, а посебно уредниците во медиумот да знаат кој им е сопственик и тие се најрелевантни да кажат за тоа. Сигурно не е некое 15-то лице, ниту Бојан, ниту Миле туку некој трет. Не гледа зошто би ја штителе, бидејќи не ја напаѓаат г-ѓа Јадранка Костова, таа е полнолетна, долгогодишен познат новинар во Македонија и најверојатно е свесна кој и е сопственик на медиумот 1 ТВ.

Г-дин Фетаи рече дека ќе се приклучи на дискусијата бидејќи во повеќе наврати разговарале во врска со овој предлог. Аргументите се тука и добро е што ќе се покрене постапка за утврдување на прекршување на член 34 од ЗААВМУ. Дилемата му е зошто се употребуваат зборовите „таен сопственик“, бидејќи тој не е таен, тој јавно изјавува дека е сопственик, само легално односно правно не е префрлена сопственоста на негово име. Во тој момент се прекршува Законот и Советот во постапката ќе констатираат дека тој правно не е сопственик што е видно од документите дека не е. Во јавноста се изјаснува дека е сопственик, можеби неговиот татко ќе му го подари. Но би било добро ова незаконско решение кое постои кај нив

што побргу да го прилагодат кон законите, односно тој да постане сопственик. Претпоставува дека нема законска пречка тој да биде сопственик ако има волја и неговиот татко му ја префрли сопственоста на телевизијата 1ТВ. Ако има пречки во смисла дека му е блокирана жиро сметката тоа е друга работа. Но Агенцијата како регулатор и Советот треба да го почитуваат Законот, да се спроведе до крај почитување на член 34. Ја поддржува иницијативата која е предложена, и што побрзо тој медиум да го усогласи своето фактичко работење со законското работење. Ако тој фактички цело време се појавува како сопственик нека го прилагодат и тоа законски да биде така. Се изјасни дека ја поддржува иницијативата и предлогот кој е даден на седницата.

Г-дин Фиданоски, без намера да ја однесе дискусијата во друга насока, рече дека сака да реагира на последното искажување на г-дин Трајчевски. Не е спорно дека неговата колешка Костова беше водителка на интервјуто, меѓутоа во овој случај имаат доволно експлицитни искажувања од г-дин Бојан Јовановски дека тој е сопственикот на телевизијата и доволно е тоа да стои како диспозитив. Ако имаат тенденција како регулатор, како Агенција да застанат односно да не одат контра новинарите како фела и како новинарска професија, тогаш и понатаму треба да се продолжи таа тенденција. Според него нема потреба да стои нејзиното име во самиот диспозитив од одлуката, што не спречува дека ќе биде земена изјава и од неа ако се појави потреба или од други лица во текот на постапката доколку се смета дека е неопходно. Како што веќе рекол, не е спорно нејзиното име да стои во образложението на предлог-одлуката затоа што се вадени цитати од самото интервју. Го поддржува предлогот да се отвори постапка но смета дека во диспозитивот не треба да стои името на водителката која го водеше интервјуто.

Г-дин Петрушевски објасни дека неговата изјава не беше конкретно насочена во заштита на самата новинарка како Јадранка Костова туку во заштита на новинарската професија и на сите новинари да можат послободно да се однесуваат. Неговата изјава и намера била во таа насока. Секако се знае која е новинарката затоа што е спомнато долу во образложението на одлуката. Си останува на ставот дека во горниот дел на одлуката не треба да стои нејзиното име и доволно е во образложението да биде спомната со име и презиме.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука за поведување на постапка за утврдување на повреда на членот 34 од ЗААВМУ, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ од Скопје, со следнава измена во однос на Предлог-одлуката: во точка 2 да се избрише името и презимето на водителката Јадранка Костова, додека текстот на образложението останува непроменет.

Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката, да ги достави следните податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата, и тоа:

- писмено да се произнесе во врска со изјавите на Бојан Јовановски и водителката, изнесени во интервјуто емитувано на телевизискиот програмски сервис на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во кое се споменува дека лицето Бојан Јовановски е сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и
- да достави нотарски заверени изјави од физичките лица кои се сопственици на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП

ДОО Скопје – сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ, дали сопственикот кој е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија е вистински и единствен сопственик и дали постои таен содружник, односно дали таен содружник учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот или во правното лице што е основач на радиодифузерот.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека сега останува рокот од 15 дена медиумот да се изјасни и да ги достави сите потребни информации до Агенцијата. Потоа Агенцијата и Советот во зависност од нивните добиени информации ќе одлучи како понатаму ќе постапува.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека предлогот за изрекување мерка јавна опомена на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачина, Арачиново, всушност преставува продолжение од двете изминати седници од групата на медиуми за непочитување и прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми. Ова е последниот медиум, за кој првично не се успеа навремено да се достави Барањето за изјаснување. Од кога се изврши доставата и помина рокот за изјаснување се предлага на седница да се изрече мерката јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2744/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани поради прекршување на член 49 од ЗААВМУ. Објасни дека со следната Точка 5 се меѓусебно поврзани, односно Точка 5 е последица на Точка 4. На програмата на наведениот медиум се емитувани дела без

регулирани авторски права и затоа се бара да му се изрече јавна опомена бидејќи прекршокот го прави првпат. Притоа му се наложува веднаш да престане со таквите активности, а во наредната Точка 5 се предлага да се извести надлежниот орган за авторските права и сродните права да преземе следни активности согласно другите закони во Македонија кон радиодифузерот и одговорното лице коешто не го почитувало Законот за авторски и сродни права.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани поради прекршување на член 49 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата согласно надлежноста утврдена во член 18 став 7 од Законот, заклучи да го информира органот надлежен за авторските права и сродните права дека се сомнева дека е сторена повреда на истите.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Фиданоски во врска со Предлог-информацијата до органот надлежен за авторските права и сродните права, ја поздрави ефикасната реакција на Агенцијата како регулатор по ова прашање. Добро е рече ваквите појави уште во почетокот да се сузбиваат во корен затоа што борбата против пиратеријата е еден од основните елементи и во европски рамки кои што ќе мора максимално да се исполнуваат доколку се цели кон напредок во европските интеграции. Очекува овој тренд на ефикасно и брзо реагирање, се разбира доколку има потреба односно има прекршување на авторските права, и во иднина така да се применува.

Г-дин Трајчев смета дека овие прекршувања се сериозни проблеми, генерално во системот во државата. Кај авторските права кои се многу суштински, значајни и важни постои тенденција да се прекршуваат но добро е тоа што за разлика од минатото кога беше многу повеќе изразено, сега се преземаат мерки тоа да се спречи. Исто така добро е на овој начин да се помогне во подигнување на нивото на свеста и почитување на законската регулатива и авторските права како суштинско значајни за приближување кон ЕУ и развиените држави.

Советот на Агенцијата ја разгледа предложената информација и едногласно заклучи да го информира Министерството за внатрешни работи на Република Северна

Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани.

Секторот за стратешко планирање и авторски права Информацијата за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани со целокупната документација и снимка од емитуваната програма да ја достави до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3335/6**
**10.07.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**